**MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1**

Monday 14 May 2007 (morning)
Lundi 14 mai 2007 (matin)
Lunes 14 de mayo de 2007 (mañana)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento.


© IBO 2007

Коментирајте ЕДЕН од следниве извадоци поезјиа или проза:

**1.** (а)

“Бегалци”

Тоа беше одамна. Во времето на една од најкрвавите расправии меѓу народите. Илјадници луѓе беа истерани од родните огништа и распрснати по туѓи земји. Некои ги оставија коските по непознатите планини, полиња, стрмнини и бездни; други си ја најдоа смртта на морското дно; трети – заточени на далечни пусти острови, венеа брзо, брзо и животот им тлееше и гаснеше тивко, бесшумно. Имаше и такви што околностите ги оставаа сред некоја шумовита месност и инстинктот за самоодржување ги фрлаше во жестока борба со природните стихии и ги здивуваше. Некои, пак, по долго жалење и страдање, ненадејно се наоѓаа со своите блиски и ненаситно си ја плачеа злата судбина, општа судбина на распрснатото и разнебитено стадо од ѕверовите во бурна трескава ноќ.

И јас не бев меѓу живите . . . Безумната кавга беше во затишје . . .

Домашните мои, подбркани од родното место, ограбено и опожарено, беа се настаниле во голем непознат град и преживуваа дни на прогонство и мизерија. Живите се враќаа, а мене ме немаше меѓу нив. Траурот беше ги притиснал моите блиски, кои горко ме оплакуваа и беа се простиле од надежта дека ќе ме видат уште еднаш. Тие беа ме испратиле во царството на заборавот и жалоста беше легнала тешко во нивните срца. А во тоа време капризната судбина си правеше забавна игра со мене, неразумно тормозејќи ме и полудувајќи ме од мака. Бев подгонет од божемните непријатели и најдов прибежиште во планината, меѓу густите дрвја. Таму се борев со гладот, со разни гадинки, ноќни студови и ужасни дождовни стихии. Поднесував жестоки лишувања и преживував безумни очајанија. Сè беше насочено против мене: и земјата, и небото, и животните и луѓето. Но на крајот на краиштата, ја надитрив судбината и се откубав од нејзините студени и непријатни прегратки. Ги најдов моите блиски, помирен со моето исчезнување, и живеејќи само со тажната мисла да ме сретнат горе „на оној свет“.

од расказот “Бегалци” од Тодор Чопов

Македонски иселенички алманах 1985

**1.** (b)

## РАЈОТ НА ДЕТСТВОТО, 7.

Војските на детството се построени. Мене ме
испраќаат
и маршираат плачејќи заедно со големото жолто
сонце
со цвет што му се вее на главата.
Нови таги. Мајките во бавчите предат топла преѓа
за породот
што ќе се сели. Зачудена птица. Едно дете на
чардаците ја бара
својата ѕвезда во ноќта. Една пеперуга се крие
во пештерата
на цвеќињата.
Јас се поздравувам со мртвите стражи на есента.
Хор на љубовници. Едно дете пијано за трки лежи
в постела.
Едно дете го заѕидува Рајот од мајкини душички.
Сенки и гласови од минатата година
соберете се и бучете дома.
Едно дете пијано за трки се простува со селата
што ги поврзуваше со зелена преѓа од Железна
Река.

Друг воздух ќе диши.

Плугот и прашањето на лебот го оставам во
росите.
Кога се напив од сите извори
јас ја открив најбрзата вода.

песната “Рајот на Детството” од Радован Павловски <u>Пат за в планина</u> 1985